ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ
"ПЕЛАГОНИЈА"
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
БР 02-260/13
07.08 2026 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 91 став 1 точка 7 од Статутот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола – Пречистен текст -, а во врска со член 336 став 2 и член 383 од Законот за трговските друштва, како и член 25 од Законот за хартии од вредност, Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА АД Битола, на ден 07.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување продажба (оттуѓување) на сопствени акции од основачката емисија**

**Член 1**

Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола, **ОДОБРУВА** продажба (оттуѓување) на 2.803 сопствени акции издадени од Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола со седишта на ул. Новачки пат бр. 11 во Битола.

**Член 2**

Сопствените акции од член 1 на оваа одлука се обични акции од основачката емисија издадени од Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола и претставуваат 1,12% од основната главнина на Друштвото.

Номиналната вредност на една обична акција издадена од Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола е 70,213139 ЕВРА.

**Член 3**

Продажбата (оттуѓувањето) на сопствените акции од член 1 на оваа одлука ќе се изврши согласно одредбите од Законот за трговските друштва и одредбите од Законот за хартии од вредност и подзаконските акти што ја регулираат оваа материја.

**Член 4**

Продажбата (оттуѓувањето) на сопствените акции од член 1 на оваа одлука ќе се врши по минимална цена која не може да биде пониска од берзанската цена што ќе важи на денот на запишувањето на акциите.

**Член 5**

Сопствените акции што се предмет на продажба согласно оваа одлука се стекнати согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредност.

**Член 6**

Целта поради кои се продаваат (оттуѓуваат) акциите од член 1 на оваа одлука е одржување стабилноста и ликвидноста на Друштвото и усогласување со законските одредби.

**Член 7**

Купувачите на понудените сопствени акции од оваа одлука ги стекнуваат правата на иматели на обични акции и тоа право на глас во Собранието на Друштвото, право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото, согласно Законот за трговските друштва, Законот за хартии од вредност и Статутот на Друштвото.

Правата од став 1 на овој член купувачите на понудените сопствени акции од оваа одлука ги стекнуваат со денот на уписот во Централниот депозитар на хартии од вредност ад Скопје.

Запишаните и уплатени хартии од вредност по истекот на рокот за запишување и уплата, веднаш ќе бидат предадени за регистрирање во Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**Член 8**

Секоја акција стекната од купувачите на понудените сопствени акции, дава право на еден глас во Собранието на Друштвото со денот на уписот во Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Начинот на исплата на дивидендата на обичните акции се врши согласно Закон и Статутот на Друштвото, а според дивиденден календар согласно Закон и Статутот на Друштвото.

**Член 9**

Се овластува Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, врз основа на оваа одлука да донесе своја Одлука за продажба на сопствените акции во која поблиску ќе биде определен начинот, условите и другите елементи на продажбата на сопствените акции согласно одредбите од Законот за хартии од вредност и подзаконските акти што ја регулираат оваа материја, како и да донесува други акти и да ги презема сите потребни дејствија, активности и податоци согласно Законот за хартии од вредност и подзаконските акти што ја регулираат оваа материја за реализација на оваа Одлука и по потреба заради спроведување на оваа одлука да донесува и други свои одлуки согласно оваа Одлука.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а реализацијата на правната работа од оваа одлука, односно спроведувањето на постапката за продажба на сопствените акции, ќе отпочне по симнување на ограничувањата.

**Земјоделски комбинат**
**ПЕЛАГОНИЈА АД Битола**
**Годишно собрание на акционери**
**Претседавач**
**Д-р Петар Бакиевски**

ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ "ПЕЛАГОНИЈА" БИТОЛА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

________________________